ВМРО-ДПМНЕ денеска ја започна иницијативата за собирање на потписи против пописот кој власта сака да го спроведе во земјата. Собирањето потписи започна на десетици пунктови ширум земјата. Партиските ограноци на ВМРО-ДПМНЕ и Социјалистичката партија на Македонија поставија два штанда на плоштадот „Павел Шатев“ во Кратово, каде денеска во периодот од 12 до 15 часот се потпишаа 290 граѓани, давајќи поддршка за одложување на пописот планиран за април месец. Акцијата за собирање потписи продолжува и во следните дваесеттина дена.






